- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и уредувањето на просторот

да се дефинираат архитектонско-урбанистичките параметри за реализиција на планираните градби во рамките на проектниот опфат, да се дефинира основната класа на намена, како и начините на употреба на земјиштето, а согласно актуелната позитивна законска легислатива од областа на урбанистичкото планирање.

Сите поединечни елементи на планската документација ќе содржат текстуален дел со нумерички показатели за постојната и планираната состојба како и соодветен број на графички прилози.

- ОПИС НА ПРЕЛИМИНАРЕН ПЛАНСКИ ОПФАТ

Прелиминарниот плански опфат на урбанистичкиот преокт кој е предмет на уредување се наоѓа во западниот дел од КО Димонце, Општина Кратово, лоциран веднаш до пристапен пат КП 2414 или КП 751 КО Димонце, Општина Кратово. Во прилог на дадените фотографии е дадено поширорко и потесно опкружување на прелиминарен плански опфат. Прелиминарниот плански опфат во понатамошната изработка на урбанистичкиот план може да претрпи измени, односно ќе се уточни во фаза на изработка на урбанистичкиот проект.
Проектната програма треба да овозможи изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Димонце, Општина Кратово. Иницијатор на изработка на Урбанистичкиот проект за инфраструктура е заинтересирана странка

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

која има потреба од изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 737, КП 748, КП 749 КП 750, КО Димонце, Општина Кратово

За предметниот опфат нема изготвувано претходна урбанистичка документација.

- пошироко опкружување –



- потесно опкружување -

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

- ажурирана подлога -



АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

Површината на планскиот опфат изнесува – **4.7 ха**
Моќноста на фотоволтаичната централа ќе биде до 4,0 MW

Проектниот опфатот е формиран од површините на катастарската на КП 737, КП 748, КП 749 КП 750, КО Димонце, Општина Кратово. Границата на катастарската парцела е дадена и во графичкиот прилог кој едел од оваа проектна програма.

Геодетски координати на проектен опфат:

X=7580941.5600 Y=4663793.5700
X=7580974.0400 Y=4663779.6700
X=7580986.6600 Y=4663774.5300
X=7580995.5000 Y=4663774.2100
X=7581007.1500 Y=4663774.2300
X=7581019.6000 Y=4663771.3400
X=7581019.6000 Y=4663771.3400
X=7581026.6700 Y=4663740.7700
X=7581031.0100 Y=4663725.2500
X=7581030.1300 Y=4663719.2800
X=7580995.8800 Y=4663709.3600
X=7580967.7200 Y=4663705.5000
X=7580946.4700 Y=4663703.4500
X=7580948.5600 Y=4663732.9700
X=7580923.0900 Y=4663735.7100
X=7580898.5000 Y=4663736.7500
X=7580874.6300 Y=4663735.7900
X=7580841.5200 Y=4663735.5400
X=7580822.2300 Y=4663732.6500
X=7580814.0400 Y=4663760.8200
X=7580773.5800 Y=4663800.9500
X=7580779.2700 Y=4663809.2000
X=7580784.8900 Y=4663818.7700
X=7580789.7900 Y=4663830.8300
X=7580798.4600 Y=4663852.4000
X=7580804.0800 Y=4663866.2200
X=7580808.9800 Y=4663886.5800
X=7580814.7600 Y=4663904.9900
X=7580822.3700 Y=4663920.0500
X=7580831.9300 Y=4663934.8400
X=7580837.7200 Y=4663942.8800
X=7580854.1600 Y=4663959.4700
X=7580880.9500 Y=4663983.2200
X=7580902.8600 Y=4664006.0300
X=7580910.1100 Y=4664006.1300
X=7580918.5500 Y=4664005.0100
X=7580924.3400 Y=4664003.9600
X=7580930.2300 Y=4664002.2800
X=7580938.1000 Y=4663998.6600
X=7580947.4200 Y=4663995.3700
X=7580954.5700 Y=4663993.6800
X=7580962.3700 Y=4663992.4700
X=7580965.8700 Y=4663991.5100
X=7580977.0900 Y=4663987.3900
X=7580984.6500 Y=4663985.0500
X=7580991.5600 Y=4663984.0100
X=7580995.6500 Y=4663983.6900
X=7581001.5200 Y=4663982.8800
X=7581005.3800 Y=4663983.3600
X=7581009.0700 Y=4663984.4900
X=7581012.2800 Y=4663986.5300
X=7581012.2800 Y=4663986.5300
X=7581017.0200 Y=4663974.8300
X=7581026.6600 Y=4663961.1600
X=7581041.8300 Y=4663941.0300
X=7581035.0600 Y=4663938.9500
X=7581030.8800 Y=4663933.4000
X=7581033.4500 Y=4663924.8800
X=7581025.4300 Y=4663893.9200
X=7581020.4400 Y=4663876.8800
X=7581012.8500 Y=4663873.7300
X=7581007.4700 Y=4663878.6300
X=7581005.1400 Y=4663888.3600
X=7581000.6100 Y=4663891.2300
X=7580983.6600 Y=4663893.1600
X=7580974.1700 Y=4663899.7300
X=7580964.8700 Y=4663906.9900
X=7580964.8700 Y=4663906.9900
X=7580942.4500 Y=4663865.6100

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

X=7580939.8000 Y=4663814.9300

Стварна површина дадена по координати: 47153.2703 м^2.

Опфатот е дефиниран со следните граници :

- Од север со КП 751 КО КО Димонце, Општина Кратово
- Од запад со КП 2414 (пристапен пат) КО Димонце, Општина Кратово
- Од југ со дел од КП 837, КП 736, КП 728, КП 731 КО Димонце, Општина Кратово
- Од исток со КП 734, КП 747, КП 746, КО Димонце, Општина Кратово

АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ И МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на РСМ подразбира намалување на регионалните диспропорции, односно квалитативните промени во просторната, економската и социјалната структура.

Една од основните цели на просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.

Цел на просторниот план е заштита на земјоделско земјиште. Во напорите за унапредување на квалитетот на живеење, посебно тежиште се дава унапредувањето и заштита на средина. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда нанеобновливи извори што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

ЦЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕТО И ПРОГРАМСКИТЕ СОДРЖИНИ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ПЛАНИРАЊЕТО

Основна цел на урбанистичкиот план е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на опфатот и постојните плански документации од повиско ниво. Цел на изработувањето на документацијата е формирање на градежна парцела за поставување на фотоволтаични централи за производство на електрична енергија до 4.0 MW.

Колскиот пристап до планскиот опфат е преку постоен пристапен пат на КП 2414, КО Димонце, Општина Кратово. Планскиот опфат претставуванеизградено земјиште, дел во приватна сопственост, а дел сопственост на РСМ.

Согласно Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ.Весник бр. 225/20 и 219/21, 104/22) предвидени намени во планскиот опфат се следните:

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Во текот на изработка на урбанистичкиот план може да се јави потреба од други класи на намени во рамките на планскиот опфат кои ќе бидат употребени. Комплементарни и компатибилни намени, ќе бидат утврдени во самиот урбанистички план согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21,104/22). Применувањето на системот на класи на немени да е во согласност со член 80,81 и член 83 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20;219/21,104/22)

Урбанистичкиот проект во деталните услови за градба треба да ги потврди и надгради изградените вредности во смисла на постојна урбана матрица, морфологија на терен, типологија на објекти и внатрешен систем на сообраќајници (пешачки и автомобилски). Планирањето на нови површини за градба, висините на градбата и процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредување на минимален процент (на ниво на градежна парцела) на зелениот фонд со уредување на просторот околу градбите, одредување на потребен број на паркинг места., како и други урбанистички параметри да бидат во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање.

Во текот на постапката да се почитуваат сите податоци, информации и мислења од сите надлежни институции.

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТЕН ОПФАТ

- **Планирана намена на земјиште во рамките на плански опфат**

Проектниот опфат се наоѓа во КО Домонце, Општина Кратово и се наоѓа надвор од соседните плански документации од повисоко ниво на планирање односно истата ќе се изработува по дадени планерски насоки од услови за планирање на просторот.

Колскиот пристап до локацијата ќе се одвива преку земјен пат кој се наоѓа на КП 2414, КО Димонце, Општина Кратово.

Согласно потребите на инвеститорот и согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020 год) како и Правилникот за урбанистичкото планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22год), урбанистичка проектна документација, се предвидува да биде со класификација на намена.

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

Е – ИНФРАСТРУКТУРА
Е1-сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Е1.13-површински соларни и фотоволтаични панели

Предмет на планирање е соларна и фотоволтаична електрана за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија со моќност од 5,5 MW со фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште кои согласно член 57 став 2 од Закон за градење (,,Службен весник на Р.М.,, бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20).

За изработка на Урбанистичкиот проект треба да бидат почитувани сите податоци, информации и мислења добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

СОДРЖИНА НА КОМПЛЕКСОТ

Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, ќе се дефинираат архитектонско-урбанистичките параметри за изградба на фотоволтаични електрани. Точната просторна диспозиција и организација на сите градби ќе биде разработена со урбанистичкиот проект, Од технички аспект, при изработката на проектната документација да се има во предвид дека локација на фотоволтажната плантажа (централа) се наоѓа во КО Димонце, Општина Кратово и има површина од приближно 5,0 ха. Централата да се проектира со монокристални фотоволтаични панели поставени на статична носечка конструкција за поставување на панели. Во рамки на централата ќе има можност за поставување на трафостаници согласно потребите.

ОСНОВНИ ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Поставување на монокристални фотоволтаични панели со номинална моќност од производител по избор на инвеститор, статични платформи — носачи на панели со можност за монтажа на фотоволтаични соларни панели, инвертори од реномирани производители, компактни трансформаторски станици, објект за мониторинг, со услови за едно работно место и простор за одмор, со обезбедена инфраструктура за локална LAN комуникација и COM со можност за далечински мониторинг.

ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

Поставување на објектите трансформаторска станица и објектот за мониторинг да бидат поставени на приближно најекономично во однос на должини на енергетски кабли од собирни ормари до трансформаторските станици, истите да не прават сенки на фотоволтаичните панели. Мерењето на испорачана и користена електрична енергија да биде на 10(20)kV напонско ниво со броила одредени според енергетската согласност на дистрибутерот. Да се обезбеди соодветна заштита од атмосферски празнење на просторот со панелите

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА, ИНФРАСТРУКТУРА И СООБРАЌАЕН ПРИСТАП

Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план потребно е да се обезбеди квалитетна комунална инфраструктура, во согласност со можностите и капацитетите на локалитетот. Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план ќе бидат дефинирани трасите на основните инфраструктурни водови, за кои е пожелно е да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори, а согласно добиените податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти.

Внатрешните инфраструктурни водови ќе бидат предмет на оваа урбанистичко-проектна документација и ќе бидат дефинирани трасите на основните инфраструктурни водови, за кои е пожелно е да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори, а согласно добиените податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти. Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се планира сообраќаен пристап до локалитетот да биде преку некатегоризираниот пат на источната страна од проектниот опфат. На дадената локација нема изготвувано претходна урбанистичка документација. Урбанистичка документација ќе се изработува врз основа на Услови за планирање на просторот издадени од Агенцијата на планирање на простотот. Урбанистичкиот проект кој е предмет на донесување треба да овозможи изградба на објекти од втора категорија на градба. Доколку при изведување на земјаните работи за поставување на објектот, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (,,Сл.весник на Република Северна Македонија,, бр. 20/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

МЕТОДОЛОГИЈА

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:

- Законот за урбанистичко планирање (,,Сл. Весник на РМ,, бр.32/20);
- Правилникот за урбанистичко планирање (,,Сл. Весник на РМ,, бр.225/20, 219/21, 104/22);
- како и со почитување на друга законска регулатива што го допира планирањето и намената на просторот.

*** **ЗАБЕЛЕШКА:** Преостанатите податоци и информации кои не се регулирани со оваа проектра програма, ќе се регулираат со урбанистичкиот проект

Заверува

Комисија за урбанизам:

1. _____
2. _____
3. _____
4. _____
5. _____


797
753
798
272
800
752
751
801
749
750
274
802
2415
745
748
746
747
737
734
736
740
837
733

АТРИУМ СТУДИО
АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Согласно член, 62 од Законот за урбанистичкопланирање (Сл.весник на РСМ 32/20,) за изработка на Урбанистички проект за кои не постојат претходни плански податоци, претходи изработка на студија за оправданост. Студијата за оправданост се изработува за да обезбеди објективно и информативно одлучување за отпочнување на постапка за донесување на урбанистички план од аспектна просторна, еколошка, финансиска и економска оправданост на градежниот зафат за чиешто градење е потребен урбанистички план. Елементи на студијата за оправданост се:

- **ДЕФИНИРАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**

Проектниот опфатот е формиран од површините на следните катастарски парцели: КП 737, КП 748, КП 749, КП 750, КО Димонце, Општина Кратово и запфаќа површина од 4,7 ха. Во прилог на дадените фотографии е дадено поширорко и потесно опкружување напроектен опфат.

Површината на планскиот опфат изнесува – **4,7 ха** прелиминарен опфат

- широко опкружување –

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

- потесно опкружување –

- ажурирана подлога -



АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

- **ОПШТЕСТВЕНИ, ЕКОНОМСКИ И ПРОСТОРНИ ЦЕЛИ НА ЗА ОПФАТОТ**

Основна цел на урбанистичкиот проект е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на опфатот и постојните плански документации од повиско ниво. Цел на израбтувањето на документацијата е формирање на градежни парцели за поставување на фотоволтаични централи за производство на електрична енергија до 4 MW. Според податоците на Светската банка од 2014 година, Северна Македонија е на 90- то место по производство на јаглерод диоксид по глава на жител, на 40-то место во производство на јаглерод диоксид по килограм еквивалент на нафта и на 22-то место во производство на јаглерод диоксид од активностите за греење и производство на електрична енергија. Ова покажува дека иако вкупното производство на јаглерод диоксид не е многу високо, поради прилично ниската економска активност на земјата, горивото што се користи за греење и производство на електрична енергија е меѓу најголемите загадувачи главно поради широката употреба на дрво за греење и употреба на лигнит за производство на електрична енергија.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да се базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштита на животната средина.
Изградбата на фотоволтаични централи за производство на електрична енергија на дадената локација ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

- **НАМЕНА И НАЧИН НА УПОТРЕБА**

Урбанистички проект со намена Е1.13 — површински соларни и фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија до 4 MW, ќе се изработи за утврдениот плански опфат, дефиниран со линија и прекршочни точки, во рамки на кој ќе се формиратградежни парцели на земјиште кое е во сопственост на РСМ. Основната класа на наменае усогласена со Условите за планирање на просторот, а согласно Просторниот план на Република Македонија. Класата на намени е усогласена според Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весникна РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22) и тоа:

Група на класа на намена: Е - Инфраструктури
Класа на намена: Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Поединечна намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Во текот на изработка на урбанистичкиот проект може да се јави потреба од други класи на намени во рамките на планскиот опфат кои ќе бидат употребени но сите во група на класки на намена Е.
Комплементарни и компатибилни намени, ќе бидат утврдени во самиот урбанистички проект согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весникна РСМ бр.225/20, 219/21).

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

- **ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗА ЗА ОСТВАРЛИВОСТ И ИСПЛАТЛИВОСТ**

Финансискиот бенефит е тесно поврзан со зголемувањето на потрошувачката на електрична енергија и економскиот раст на државата и регионот кој пак се должи на конкурентноста на пазарот на производство на електрична енергија, со оглед дека производството на електрична енергија е приходна дејност.

Инсталацијата на 1 MW фотоволтаици, чини приближно 750 000 евра. Дадената локацијаима 1495 kWh сончева радијација годишно. За специфичното производство на електрична енергија на овие локации се претпоставува дека би изнесувала ~1400 kWh/kWp. Тоа значи дека годишното производство ќе изнесува:1400 MW/h енергија од 1

MW фотоволтаици.

Ако се земе предвид годишна деградација на системот, за 15 години истиот би произвел 19 900 MW/h. Комуналиите за трошоци и приклучок би чинеле 0.46 EUR/MWh. Со цена за струјата од 55 евра/MWh плус премиум од 10 евра/MWh, инвестицијата се враќа за 8-9 години. Животниот век на системите се движи и над 25 години, што значи дека би имале неколкукратен поврат на инвестицијата.

Најголемиот ризик е цената на електричната енергија на слободниот пазар, иако предвидувањата на повеќе организации велат дека истата ќе расте во наредните 10 години на Европскиот пазар.

- **ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗА НА ПРИРОДНИТЕ И АРТЕФИЦИЕЛНИТЕ ЧИНИТЕЛИ**

Со искористувањето на електрична енергија преку поставувањена фотоволтаицни електрани ќе се воведе стабилност во снабдувањето со електрична енергија, пред се во индустријата што ќе доведе до економски развој на сите региони во Република Северна Македонија. Производството на електрична енергија ќе придонесе за сигурност во снабдувањето, ќе донесе дополнителен извор на енергија и можност за раст на индустријата во одредени области. Исто така ќе донесе и нови инвестиции кои се поволни за државата. Можноста за изградба на фотоволтаични електрани и во преостанатите соседни земји може да придонесе за економски бенефит на целиот регион.

Изградбата на фотоволтаици ќе придонесе за трите цели утврдени во енергетската политика на Унијата - безбедност, одржливост и конкурентност на енергетската политика на Унијата и амбиција да се создаде внатрешен енергетски пазар во кој ниту една земја-членка нема да остане изолирана од европските мрежи електрична енергија, обезбедувајќи енергијата да тече слободно низ Европската унија, без технички или регулаторни бариери.

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

- **ЕКОНОМСКА И РАЗВОЈНА АНАЛИЗА НА ИДНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ГРАДБАТА**

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да се базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштита на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работната средина. Изградбата на фотоволтаични електрани ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

- **УСОГЛАСЕНОСТ СО ПРОСТОРНИОТ ПЛАН И СОСЕДНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

За предметниот опфат ќе издадат услови за планирање на просторот за поставување на фотоволтаични електрани. Условите за планирање ќе претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на плански концепции

и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот обработени согласно Просторниот план на Република Македонија. Просторниот план како највисок стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ донесен е за цел утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената и уредување и користење на просторот. Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (Сл.весник на РМ 39/2004). Спроведувањето на планот значи задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво со Просторниот план.

- **МОЖНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈНА ОКОЛНИТЕ ПОДРАЧЈА ИЛИ ПОШИРОКО**

Влијанието на околните подрачја кое го имат на поставените фотоволтаични панели е минимално и незначително. При поставувањето на фотоволтаичните електрани треба да се почитуваат одредбите пропишани со законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава. Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

животната средина, животот и здравјето на луѓето. Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија. Создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација.

- **ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ И ВЛИЈАНИЈА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на фотоволтаични електрани потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Да се внимава надозволеното ниво на бучава за да се избегнат негативните ефекти врз влијанието на животната средина. Создавачите на отпад треба да ги минимизираатштетните влијанија на отпадот врз животната средина и при негово управување по претходна селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или друг процес за екстракција на секундарните суровини, или пак да се искористи како извор на енергија. При донесување на одлука за спроведување или одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на РМ.

Со оглед на фактот што во Македонија има многу високо загадување на воздухот поради согорувањето на дрва, нафта и ѓубре за греење, придобивките од воведувањето на фотоволтаични електрани може да се види и преку унапредување и заштита на животната средина со поголема искористеност на природните извори на енергија.

Република Северна Македонија е земја која досега се потпира на цврсти горива со широк опсег на употреба на енергија и главно греење и производство на електрична енергија. Резултатот е високо производство на јаглерод диоксид.

Според податоците на Светската банка од 2014 година, Северна Македонија е на 90-то место по производство на јаглерод диоксид по глава на жител, на 40-то место во производство на јаглерод диоксид по килограм еквивалент на нафта и на 22-то место во производство на јаглерод диоксид од активностите за греење и производство на електрична енергија. Ова покажува дека иако вкупното производство на јаглерод диоксид не е многу високо, поради прилично ниската економска активност на земјата, горивото што се користи за греење и производство на електрична енергија е меѓу најголемите загадувачи главно поради широката употреба на дрво за греење и употреба на лигнит за производство на електрична енергија.

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

- **АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА ОПРАВДАНОСТ НА ЗАФАТОТ, ИНВЕСТИЦИЈАТА И УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН**

Финансискиот бенефит е тесно поврзан со зголемувањето на потрошувачката на електрична енергија и економскиот раст на државата и регионот кој пак се должи на конкурентноста на пазарот на производство на електрична енергија, со оглед дека производството на електрична енергија е приходна дејност.

Инсталацијата на 1 MW фотоволтаици, чини приближно 750 000 евра. Дадената локацијаима 1547 kWh сончева радијацијагодишно. За специфичното производство на електрична енергија на овие локации се претпоставува дека би изнесувала ~1400 kWh/kWp. Тоа значи дека годишното производство ќе изнесува:1400 MW/h енергија од 1 MWфотоволтаици.

Ако се земе предвид годишна деградација на системот, за 15 години истиот би произвел 19 900 MW/h. Комуналиите за трошоци и приклучок би чинеле 0.46 EUR/MWh. Со цена за струјата од 55 евра/MWh плус премиум од 10 евра/MWh, инвестицијата се враќа за 8-9 години. Животниот век на системите се движи и над 25 години, што значи дека би имале неколкукратен поврат на инвестицијата.

Најголемиот ризик е цената на електричната енергија на слободниот пазар, иако предвидувањата на повеќе организации велат дека истата ќе расте во наредните 10 години на Европскиот пазар.

Воедно истакнуваме дека во непосредна близина на дадениот проектен опфат паралелно се водат постапки за неколку фотоволтаицни електрани кои ќе се градат на земиште на ист сопственик. Поради потребите на изтите изработена е техно економска физибилити студија. Во прилог на проектната програма приложена е физибилити студијата за целокупната површина која поединиечно се разработува со урбанистичките проекти.

Сите катастарски парцели на кои се работат урнанистичкиот/те проекти се во спостственост на еден ист сопсвеник.

АТРИУМ СТУДИО
АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ПРЕВЗЕМЕНИ ОД УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ ЗА ПРОСТОРОТ

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 737, КП 748, КП 749, КП 750, КО Димонце, Општина Кратово. Планираната моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е до 4 MW. Површината на планскиот опфат изнесува 4,7ha.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на документацијата за предметниот простор треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија:

Економски основи на просторниот развој

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства**, сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Димонце, Општина Кратово ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).**
- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Скопско-Кумановскиот земјоделско стопански реон со 14 микрореони.**
- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е

заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

– Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерно. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. Поради морфолошката, хидрогеолошката и хидрографската структура на просторот врнежите брзо се концентрираат во речната мрежа и истекуваат. Површинското истекување за сливните подрачја во Републиката има вредност од 26,2 л/сек/км^2 за реката Радика до 3,1 л/сек/км^2 за сливот на реката Струмица. За сливот на реката Пчиња, каде се наоѓа предметниот опфат, кај водомерниот профил „Пелинце" површинското истекување изнесува 8,5 л/сек/км^2, кај в.п. „Трновец" 6,8 л/сек/км^2 и кај в.п. „Катлановска Бања" 4,5 л/сек/км^2. Поставувањето на површинските соларни и фотоволтаични електрани со кои ќе се користи сончевата енергија, како обновлив ресурс, за производство на електрична енергија, во подрачје кое е сиромашно со вода, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Енергетика и енергетска инфраструктура

– **Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Димонце, Општина Кратово нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови.**
– Поставувањето на **површински соларни и фотоволтаични електрани** ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

– **Иницијативата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Димонце, Општина Кратово, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.**

Домување

– **Иницијативата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија**

кои се градат на земјиште), КО Димонце, Општина Кратово, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Јавни функции

- **Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Димонце, Општина Кратово, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

- **Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.**
- **Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Димонце, Општина Кратово, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор преку производство на енергија од обновливи извори, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.**

Сообраќајна инфраструктура

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**
  А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).
- **Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р29" и е со ознака:**
  Р29277 - (Врска со А2-Клечовце-Бељаковце-Шопско Рударе-Секулица-врска со Р2247).
- **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Димонце, Општина Кратово, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при поставувањето на површински соларни и фотоволтаични (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Димонце, Општина Кратово, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на поставувањето и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на**

земјиште), КО Димонце, Општина Кратово, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2], на подрачјето на катастарската општина Димонце нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
